Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Триесет и седмата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 декември 2024 година

Скопје, декември 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и седмата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 декември 2024 година**

Седницата започна во 15:50 часот.

На седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Зоран Љутков, министер за култура и туризам и Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Флакрон Бецети, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална полтика, демографија и млади како и Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална трансформација.

На седницата присуствуваше и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

1. Реформска агенда 2024 – 2027 година, со прилози

2. Прашања и предлози

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Реформската агенда 2024 – 2027 година, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1.Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да подготви Предлог на закон за ратификација на Договорот за инструментот помеѓу Европската Унија претставувана од Комисијата и Република Северна Македонија претставувана од Владата на Северна Македонија за посебни аранжмани за спроведување на поддршката на Унијата на Република Северна Македонија во согласност со инструментот за реформи и раст по скратена постапка и истиот да го достави на првата наредна седница на Владата.

2.Се задолжува Министерството за финансии да достави детален преглед за статусот и планот за целосна реализација на чекорот „донесување на закон за јавна внатрешна финансиска контрола“ до Министерството за европски прашања, најдоцна до 6 декември 2024 година.

3.Се задолжува Министерството за финансии да достави детален преглед за статусот и планот за целосна реализација на чекорот „донесување на 17 подзаконски акти од Законот за буџети, вклучително и за регистарот за јавни субјекти (член 4), ревизија на буџетската класификација (член 5) и намалување на бројот на примарни (parent) буџетски корисници за најмалку 40% во административната класификација и Уредба за управување со јавни инвестиции“, до Министерството за европски прашања, најдоцна до 6 декември 2024 година.

4.Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, да достави детален преглед за статусот и планот за целосна реализација на чекорот „управувачките структури предвидени во Патоказот за праведна транзиција се оперативни и го имаат одобрено годишниот план за имплементација за 2025 година“ до Министерството за европски прашања, најдоцна до 6 декември 2024 година.

5.Се задолжува Министерството за економија и труд да достави детален преглед за статусот и планот за целосна реализација на чекорот „измени на Законот за трговски друштва во насока на воведување на нови правила за именување на независни членови во одборите на претпријатијата во државна сопственост“ до Министерството за европски прашања, најдоцна до 6 декември 2024 година.

6.Се задолжува Министерството за правда во соработка со Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија и Академијата за судии и јавни обвинители да достави детален преглед за статусот и планот за целосна реализација на чекорот „испразнетите места за судии и обвинители се пополнуваат на редовна основа врз основа на проекциите на Судскиот совет/Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, преку имплементација на стратегиите за управување со човечки ресурси во судовите/јавните обвинителства“, до Министерството за европски прашања, најдоцна до 6 декември 2024 година.

<u>Точка 2</u>

По однос на оваа точка од Дневниот ред, немаше прашања ниту предлози.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16.00 часот.

**Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Игор Јанушев**

**Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**